Македонија 19. September 2022 - 18:42

# Претреси во Битола, приведено лице, пронајдени оружје и муниција




На 19.09.2022 полициски службеници од Одделот за криминалистичка полиција, Сектор за недозволена трговија со дрога, оружје и опасни материи, во координација и заедничка акција со полициски службеници од СВР Битола, ОКП-ОНТД го лишија од слобода С.Ф.(48) од Битола.

Имено, по обезбедени судски наредби од Судија на претходна постапка од Основен суд Битола, извршен е претрес на две локации кај С.Ф., при што биле пронајдени и одземени: еден револвер, пушка „Ремингтон“, три противавионски куршуми различен калибар и 35 куршуми различен калибар за кои тој не поседувал соодветна дозвола. Исто така, при претресот биле пронајдени и одземени една воздушна пушка, три ловни карабини, еден пиштол „Валтер“ 7.65мм, една малокалибарска пушка, една ловна пушка „Бајкал“ и една ловна пушка „Цифсан“, за кои поседувал дозвола на негово име, како и една ловна пушка „Бреда“ со дозвола на име на неговиот син В.Ф.. Пронајдени и одземени се вкупно 864 куршуми различен калибар, што е незаконски и спротивно на одредбите од Законот за оружје, според кој лицето може да поседува и чува во својот дом само 200 куршуми.

Претрес е извршен и во викенд куќата на С.Ф. во битолско, при што биле пронајдени и одземени дополнителни 85 куршуми различен калибар.

Во консултација со Јавен обвинител од ОЈО Битола за незаконско пронајдената муниција и оружје за кои С.Ф. не поседувал дозвола ќе биде поднесена кривична пријава по член 396 од Кривичниот законик, а за ловното оружје, пиштолот и пронајдената муниција спротивно на одредбите од Законот за оружје, ќе се спроведе управна постапка пред надлежните органи на СВР Битола.

https://

ПОПУЛАРНО ОД МАКЕДОНИЈА

Најчитани | Најсподелувани


Еден македонски и двајца косовски државјани...
20.09.2022


Ограничените маржи на основните прехранбени...
20.09.2022


Груби: Бараме уште шест пратеници за уставни...
20.09.2022


Има ли план за училиштата - Енормно високите...
20.09.2022

МАКЕДОНИЈА


Две различни изјави за шест месеци – Опозицискaта ВМРО-ДПМНЕ трет ден по ред го обинува премиерот Димитар Ковачевски


Тренчевска: Ќе имаме нов Општ колективен договор за јавниот сектор со кој ќе се обезбеди постојан раст на платите


Тема на денот со поранешниот спикер Тито Петковски

НОВО НА СИТЕЛ

НАЈНОВИ ВЕСТИ | НАЈНОВИ ВИДЕА

Тренчевска: Ќе имаме нов Општ колективен договор за јавниот сектор со кој ќе се обезбеди постојан раст на платите

Премиерот Ковачевски присуствуваше на отворањето на Генералното собрание на ООН во Њујорк

Ѓурчиновски – Лазаревиќ: Армиите на Северна Македонија и Црна Гора посветени кон зајакнување на безбедноста на регионот

Одржана богослужба и литија во црквата Рождество на Пресвета Богородица во Скопје

Акциска контрола на СВР Битола, констатирани нерегуларности, следуваат кривични пријави

Маричиќ: Од исполнувањето на економските критериуми ќе зависи темпото на преговорите со ЕУ

Септемврските пензии повисоки за 6,8 отсто, исплата почнува од 29 септември

Шумските пожари ова лето сведени на минимум во поширокиот велешки регион

ПОВЕЌЕ ВЕСТИ



© 2022 Сител Телевизија